ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12-30/9

Дата: 27.03.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на приходи на буџет на дотации (930), за 2016 година.

За финансиските извештаи за 2016 година на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Карпош изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на приходи на буџет на дотации (930), во кој е изразено мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансфери од централната власт по основ на блок дотации за основно образование и детски градинки.

Од страна на законскиот застапник на Општина Карпош не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на приходи на буџет на дотации (930), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2016 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година, во кој е изразено мислење без резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Стевче Јакимовски, градоначалник на Општина Карпош, од 2009 година до денот на ревизија.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.06. до 24.11.2017 година, со прекини за време на годишните одмори, кај Општина Карпош, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова - помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски - раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Снежана Лулевска - самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Горица Николовска - ревизор и овластен државен ревизор,
- Александра Димовска Чрчева - ревизор и овластен државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 06.12.2017 година.

Од страна на законскиот застапник на Општина Карпош не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 3.1 Финансиски извештаи

3.1.1. На сметката за приходи на буџет на дотации во Општина Карпош ја констатиравме следната состојба:

- Министерството за финансии во ноември 2015 година, за изработка на Буџетот на општината за 2016 година доставува преглед на проценети приходи од ДДВ и наменски и блок дотации во кој приходот од блок дотациите за основно образование и социјална заштита изнесува 316.824 илјади денари.
- Во Буџетот на РМ за 2016 година (Сл.весник на РМ, бр. 209/2015) за Општина Карпош предвидени се блок дотации во износ од 316.824 илјади денари. Вкупно трансферирани средства од Буџетот на РМ на ставка 741 - Трансфери од други нивоа на власт за 2016 година изнесуваат 316.824 илјади денари.
  Во Буџетот на Општина Карпош за блок дотациите за програма Н1 – основно образование и В1 – детски градинки, предвидени се

средства во износ од 344.233 илјади денари, иако од Буџетот на РМ се предвидени средства во износ 316.824 илјади денари, а има и неискористени средства од претходна година во износ од 5.360 илјади денари. Имено, Секторот за финансиски прашања, при изработка на Буџетот на Општината, се раководи од финансиските планови на поединечните буџетски корисници, а не од реално одобрените средства од Буџетот на РМ во услови кога точно е определен износот на блок дотациите.

- Во декември 2015 година, Советот има донесено правилници со примена од 01.01.2016 година за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација наменета за општинските основни училишта и за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација наменета за јавните установи-општински градинки на подрачјето на Општина Карпош.
  Со правилниците е уредено дека средствата се распоредуваат поединечно на секоја јавна установа врз претходно доставени податоци од страна на јавната установа општинска градинка и општински училишта и нивните годишни финансиски планови.
  Буџетските корисници до Општина Карпош имаат доставени финансиски планови за 2016 година со финансиски податоци кои не се усогласени со предвидените средства за блок дотации во Буџет на РМ и неискористените средства на сметката блок дотации од минати години.

- Во Секторот за дејности од јавен интерес направена е распределба на средства по буџетски корисници врз основа на добиени податоци од финансиските планови од страна на основните училишта и детски градинки, неземајќи ги во предвид реалните податоци за приходи од блок дотации кои треба да се трасферираат од централно ниво.

Ваквата состојба во која од страна на буџетските корисници се доставуваат планови за расходите кои не се потпираат на реални податоци односно вкупната сума на плановите не е усогласена со одобрените средства од Буџетот на РМ и неискористените средства на сметката, а во услови кога Буџетот на општината е проектиран врз основа на плановите од поединечните корисници има за ефект да не можеме да се увериме на кој начин се врши реализација на финансиските планови по поединечни буџетски корисници. Оваа состојба има за ефект нетранспарентност при распределба на блок дотациите по единки корисници, а истовремено не може да се потврди дека распределбата на средства е согласно методологијата утврдена со правилниците.

**Препорака**

Одговорните лица во Општина Карпош, да ги преземат следните мерки и активности:

- Секторот за јавни дејности, при примена на методологијата на распределба на средства по буџетски корисници, да ги земе во предвид одобрените приходи за блок дотации од Буџетот на РМ, како и податоците од финансиските планови на единките корисници, со цел нивно усогласување.
- Секторот за финансиски прашања, во координација со Секторот за јавни дејности, да ги одобрат финансиските планови на буџетските корисници со примена на Правилникот за методологија, а како вкупен износ да се земат во предвид приходите кои треба да се трансферираат од Буџетот на РМ и неискористените средства од претходна година со цел добивање реални планови по буџетски корисник и можност за следење на реализацијата по поединечен буџетски корисник.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањето изнесено во точка 3.1.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Карпош на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

**Општина Карпош**

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2016** | | **2015** |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.** | 322.184 | | 317.554 |
| **Вкупно приходи** | | **322.184** | | **317.554** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 278.064 | | 270.150 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 37.766 | | 41.191 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **315.830** | | **311.341** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 1.127 | | 853 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.127** | | **853** |
| **Вкупно расходи** | | **316.957** | | **312.194** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.4.** | **5.227** | | **5.360** |

**Општина Карпош**

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.227 | 5.360 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.227** | **5.360** |
| **Вкупна актива** | | **5.227** | **5.360** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 5.227 | 5.360 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5.227** | **5.360** |
| **Вкупна пасива** | | **5.227** | **5.360** |